РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
ЦЕНАР ЗА КУЛТУРА
КРИВА ПАЛАНКА
Примено: 01 06 2023
Единица 03 | Број 270/2 | Прилог | Вредност

Република Северна Македонија
**Министерство за култура**
Сектор за управен
и инспекциски надзор

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Kulturës**
Sektori i Mbikëqyrjes
Administrative dhe Inspektuese

Архивски знак:
Рок на чување: 20
Потпис.

## З А П И С Н И К
## за извршен инспекциски надзор

**Ип 1 бр. 57-34**
**Датум: 26.05.2023 година**

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

| | | |
|---|---|---|
| Назив на субјектот на надзор | | |
| Седиште/адреса на субјектот | | |
| Адреса за е-пошта | | |
| Телефон | | |
| Матичен број на субјектот | | |
| Даночен број на субјектот | | |
| Број на жиро сметка на субјектот | | |
| Банка депонент | | |
| Одговорно/и лице/а на субјектот: | | |
| Име и презиме: | Телефон | Е-пошта |
| в.д.директор | | |

2) Податоци за инспекцискиот надзор

| | | | |
|---|---|---|---|
| Вид на инспекциски надзор | <u>1. РЕДОВЕН</u> | 2. ВОНРЕДЕН | 3. КОНТРОЛЕН |
| Датум на почеток на инспекцискиот надзор | 18 и 19. 05.2023 г. | Време на почеток на инспекцискиот надзор | 11.00 |
| Датум на завршување на инспекцискиот надзор | 24.05.2023 г. | Време на завршување на инспекцискиот надзор | 15.30 |
| Назив на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | РСМ, Национална установа- Национална установа- Центар за култура, Крива Паланка | | |
| Главна дејност на објектот каде се врши надзорот | Дејности на објектите за културни манифестации (шифра 90.04) | | |
| Адреса на објектот-инсталацијата каде се врши надзорот | ул. „Јоаким Осоговски“ бр. 226–Крива Паланка | | |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

- Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура бр. 57-188/5 од 04.05.2023 година за месец мај 2023 година (во натамошниот текст: СУИН на МК). За почетокот на вршење на редовниот надзор со Допис Ип 1 бр. 57-34 од 09.05.2023 г., известен е субјектот на надзорот согласно со член 69 став (2) од Законот за инспекциски надзор.

- Инспекцискиот надзор е извршен од: [redacted] виш инспектор со учество на Зоран Маркозанов, виш инспектор при Секторот за управен и инспекциски надзор во Министерството за култура на РСМ.

4) Предмет на редовниот инспекциски надзор е примена на Законот за културата во работењето на Национална установа - Центар за култура, Крива Паланка (во натамошниот текст: Центар), како и наменското користење на средствата добиени од Буџетот на РСМ, преку Министерството за култура, за реализација на Годишната програма за работа на Центарот за 2022 година, согласно со истиот закон.

6) Во извршувањето на инспекцискиот надзор е употребена листа за проверка којашто е дадена во прилог и е составен дел на овој записник.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted] в.д. директор | [redacted] | |

8) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор учествуваа следните лица вработени во Центарот.

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted], овластен сметководител | [redacted] | / |
| [redacted], главен благајник, самостоен референт | | / |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| Име и презиме | Телефон | Е-пошта |
|---|---|---|
| [redacted], друг стручен соработник | [redacted] | / |
| [redacted], друг раководител на ликовна дејност | | / |
| [redacted] друг раководител за библиотечна дејност | | / |

9) Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, ги презентираше целите и предметот/опфатот на инспекцискиот надзор и ги објасни правата и обврските на субјектот на надзорот.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следните наоди за утврдената фактичка состојба:

10.1 Согласно со член 29 ставови (1) и (2) и член 30 став (2) од Законот за културата, со Решение на министерот за култура бр. 43 - 10066/2 од 31.08.2018 г., за директор на Центарот, е избрана [redacted], со мандат од четири години, додека со Решение бр. 44-3027/4 од 18.03.2022 г., на министерот за култура за вршител на должноста директор е именуван [redacted] од редот на вработените во Центарот со мандат до изборот на директор, а најдолго за 6 месеци.
Во два наврати со Решение бр. 44-3027/5 од 21.09.2022 г., и бр. 44-4042/1 од 24.03.2023 г., на министерот за култура, истиот е повторно именуван за вршител на должност, директор на Центарот.

- Согласно со член 35 став (2) од Законот за културата, со Решение на министерот за култура бр. 44-9429/3 од 26.07.2021 г., од редот на истакнати поединци од областа на културата именувани се [redacted] за претседател на Управен одбор (во натамошниот текст: УО) и [redacted] за член, додека од редот на вработените за член на УО именувана е [redacted]. Истата, на нејзино лично барање е разрешена од функцијата член на УО од редот на вработените со Решение бр. 44-4734/2 од 30.03.2022 г., на министерот за култура, а со Решение бр. 44-5879/2 од 27.04.2022 г., на министерот за култура, за членови на УО од редот на вработените во Центарот, именувани се [redacted].


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Исто така, со Решение бр. 44-14057/5 од 21.12.2021 г., на министерот за култура, за член на УО односно, претставник од редот на локалната самоуправа именувана е

Не е постапено по членот 36 став (1) точка 12, односно од страна на УО до МК, еднаш во годината не се доставува извештај за работата на УО.

- Во Центарот, во примена е Статутот бр. 01-202/3 од 22.04.2015 г., бр. 02-52/4 од 29.01.2018 г. и бр. 02-84/2 од 14.03.2019 г., донесен од страна на Управниот одбор на Центарот, согласно со член 36 став (1) точка 1 од Законот за културата културата („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), за којшто согласно со член 25 став (2) од истиот Закон е дадена потребната согласност од министерот за култура. Со Одлука бр. 02-144/4 од 11.04.2019 година на УО, вршени се измени и дополнувања на постојниот Статут на Центарот, а за коишто со Решение бр. 53-4972/2 од 24.04.2019 г., на заменик - министерот за култура, е дадена потребната согласност.

- Во 2020 г., од страна на директорот на Центарот е донесен Правилникот за внатрешна организација бр. 01-275/5 од 31.08.2020 г. и Правилникот за систематизација на работните места бр. 01-275/3 од истиот датум за коишто од Министерството за информатичко општество и администрација е добиена потребната Согласност бр. 12/6-2863/3 од 04.09.2020 година.

– Според обврската од членот 31-б став (1) од Законот за културата, за доставување на извештај за финансиското работење на националната установа и извештај за остварување на годишната програма за работа на установата на секои шест месеци, утврдено е дека директорот на Центарот постапил по оваа обврска во 2022 година.
Имено, до МК доставил шестмесечен финансиски извештај за работењето на установата за период од 01.01. – 30.06.2022 година, заведен под бр. 03-443/1 од 15.07.2022 г., како и за период од 01.07.2022-31.12.2022 година, заведен под бр. 05-21/1 од 13.01.2023 година.

- Согласно со обврската од членот 70-б став (2) од Законот за културата, националните установи во првиот квартал од тековната година за претходната година доставуваат извештај до МК за реализацијата на годишната програма за работа на националната установа, кој содржи наративен приказ за реализација на програмата, спецификација за вкупно потрошените средства, договори, сметки,


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

фактури и конечен финансиски план со сите износи на потрошени средства и извори на финансирање, при надзорот **утврдено е дека Центарот до МК нема доставено извештај** за реализација на годишната програма за работа на установата за 2022 година како и за финансиското работење на националната установа за 2022 година по дејности и проекти.

- Во врска со обврската од член 70 став (7) од Законот за културата, директорот на установата, по претходна согласност на управниот одбор да ја донесе Годишната програма за работа на националната установа, во рок од 15 дена од донесувањата на решенијата на министерот за култура за прифаќање на проектите содржани во нацрт-годишната програма за работа, при надзорот е утврдено дека в.д директорот на Центарот донел Годишна програма под бр. 03-64/1 од 14.02.2022 година, која што е усвоена со Одлука бр. 02-61/3 од 15.02.2022 г., на УО. Исто така, в.д. директорот на Центарот донел и ревидирана Годишна програма бр. 03-472/1 од 25.07.2022 г., усвоена од УО со Одлука бр. 02-471/3 од 25.07.2022 година.

### 10.2. Финансиското работење со средствата од Буџетот на Р. Македонија

Од Буџетот на Р.С. Македонија, преку МК, во текот на 2022 г. финансирана е дејноста на Центарот со средства во вкупен износ од **11.892.397** денари и според годишните договори за 2022 г., се преведени за следните намени:

- **плати и придонеси од плати** **9.928.347 денари**
- **програмски активности** **1.255.000 денари**
- **материјални трошоци** **100.000 денари**
- **електрична енергија** **300.000 денари**
- **комунални трошоци** **120.000 денари**
- **други материјали за греење** **126.000 денари**
- **исплата на солидарна парична помош** **63.050денари**

Според презентираната сметководствена документација, салдото на нереализирани средства на буџетската сметка на Центарот изнесувало **3.771** денари (**859** денари од издавачка дејност, **949** денари од библиотечна дејност, **100** денари од музичка дејност, **760** денари од визуелни уметности архитектура и дизајн, **392** денари од меѓународна дејност и **468** денари од манифестаци), кои што се вратени во Буџетот на Р.С.Македонија според Банков извод бр. 46 од 27.12.2022 година.

Преведените програмски средства, според годишните договори биле наменети за реализација на проекти од следните дејности:

| Р.бр | Програма | Одобрени | Преведени | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 47-Фолклорна и сценско-уметничка дејност и 70 – Манифестации и фестивали | 1.319.050 | 1.319.050 | -610.000 за проекти<br>-100.000 за материјални трошоци<br>-300.000 за електрична енергија<br>-120.000 за комунални услуги (вода и ѓубретарина)<br>-126.000 за други материјали за греење<br>-63.050 за отпремнина |
| 3. | 40 – Музичко-сценска дејност | 45.000 | 45.000 | |
| 4. | 60 – Визуелни уметности, архитектура и дизајн | 230.000 | 230.000 | |
| 5. | 20- Библиотечна дејност | 150.000 | 150.000 | |
| 6. | 90-Меѓународна дејност | 180.000 | 180.000 | |
| 7. | 10-Издавачка дејност | 40.000 | 40.000 | |
| | **Вкупно:** | **1.964.050 денари** | **1.964.000 денари** | -3.771 денари се вратени во Буџетот на РСМ на 27.12.2022 |

**<u>47 и 70 – Фолкорна и сценско-уметничка дејност и Манифестации и фестивали</u>**

Согласно со Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ - Центар за култура, Крива Паланка за 2022 г. од областа на фолклорот, бр. 21-1300/1 од 04.02.2022 г., Анекс-договорот бр. 21-1300/19 од 09.09.2022 г., и Известувањето бр. 21-4023/1 од 24.03.2023 г., од Секторот за дејности од областа на културата на МК на Центарот му се одобрени и преведени средства во износ од **1.319.050** денари, од кои **610.000** денари за проекти и **709.050** денари за материјални трошоци, електрична енергија, комунални услуги, материјали за греење и за отпремнина.

Проектите од фолклорната и сценско-уметничката дејност како и од манифестации и фестивали се прикажани во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени | Преведени | Трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Годишна програма на КУД „8-ми“ Октомври – Крива Паланка 2022 г., | 150.000 | 150.000 | 149.881 | **Проектот е реализиран** -Трошоци по договор бр. 03-50/1 од 08.02.2022 г., бр. 03-408/1 од 01.07.2022 г. и бр. 03-548/1 од 14.09.2022 г., склучен со за кореографија и одржани проби на КУД, по Договор за услуга бр. 03-126/1 од 18.03.2022 склучен со и по Договор бр. 05-463/1 од 21.07.2022 г., склучен со за откуп на народна носија -Трошоци по фактура од Лав Драге Дооел, по фактура од ЗГ , Скопје, по фактура од ЕВН, по фактура од ЗАМП, Скопје и по фактура од ДПТУ Вардар Експорт Би Доо -Изводи: 5, 8, 15, 20, 28, 30, 32, 33, 36 и 46 од 2022 г., -119 денари вратени во Буџет на РСМ |
| 2. | Концерт на изворна традиционална музика | 60.000 | 60.000 | 59.975 | **Проектот е реализиран** -Трошоци по договор бр. 03-467/1 од 22.07.2022 г., склучен со за организација на Концерт -Трошоци по фактура од за набавка на гориво, по фактура од ТП Ројал Екстра за храна и пијалоци и по фактура од за -Изводи: 22 и 23 од 2022 г., -25 денари се вратени во |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Буџетот на РСМ |
| 3. | Вечер на осоговски песни 2022 | 100.000 | 100.000 | 99.915 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по договор бр. 03-420/1 од 06.07.2022 и бр. 03-418/1 од 05.07.2022 г., склучен со за<br>-Трошоци по фактура од за набавка на гориво, по фактура од ЗАМП за надоместок за јавно соопштување на музичко дело, по фактура од ДПТУ Грботворец, по фактура од Борче Ексклузив Дооел, по фактура од Торал Пост Логистик, по фактура од Тримакс Доо, по фактура од Лав Дооел, и по фактура од Артист Системс Дооел<br>Изводи: 18, 20 и 33 од 2022 г.<br>-85 денари се вратени во Буџетот на РСМ |
| 4. | Меѓународен фолклорен фестивал „Св. Јоаким Осоговски-2022“ | 300.000 | 300.000 | 299.532 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по договор бр.03-510/1 и бр. 509/1 од 23.08.2022 г., склучен со и за одржување на концерт за композициите од цитираниот албум на<br>-Трошоци по фактурара од Ројал Екстра за набавка на пијалоци и кафе издадена од Ројал Екстра ТП Крива Паланка, по фактура од Модерна Нова за набавка на гориво, по фактура од ЗАМП за надоместок за јавно соопштување на музичко дело, по фактура од ТА Бисер Пром Скопје, за транспорт, по фактура |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | од Дијаг ДОО за набавка на плакети, по фактура од Печатница Европа Кочани за печатење, по фактура од Македонска Авторска Агенција за авторски хонорар, по фактура од ДПТУ Вардар Експорт Би Доо Крива Паланка, по фактура од Ученички дом Боро Менков, Крива Паланка, по фактура од [illegible], по фактура од ДПТУ Микро ИТ Атом, по фактура од ТП Јаце за набавка на рекламен материјал и по фактура од Цвеќара Стефани Дооел за набавка на цветни аранжмани<br>Изводи: 25, 28, 39, и 40 од 2022 г.<br>-468 денари вратени во Буџет на РСМ |
| | **Вкупно:** | **610.000 денари** | **610.000 денари** | **609.303 денари** | **-697 денари вратени во Буџет на РСМ** |

**- Материјални трошоци за работа на установата, електрична енергија, комунални услуги, други материјали за греење и исплата на отпремнина**

Реализацијата на средствата според намени е прикажано во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Намена | Одобрени и исплатени | Реализирани трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Материјални рошоци за работа на установата | 100.000 | 99.986 | Платено по договори за надворешни соработници (за спроведување на јавни набавки и книговодствени услуги), фактури за систематски преглед на вработените, објавување на одгласи во дневни весници, данок на имот, канцелариски материјал, |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | сервисирање на ПП апарати и сл.<br>-Извод бр.4, 5, 10, 30, 31 и 46 од 2022 г. |
| 2. | Електрична енергија | 300.000 | 288.466 | Платено по повеќе фактури од „ЕВН Македонија"- Скопје<br>-Извод бр. 3, 17, 13, 18, 20, 21, 25, 28, 30, 31, 36, 37, 38, 41, 45 и 46 од 2022 г., |
| 3. | Комунални услуги (вода и ѓубретарина) | 120.000 | 131.534 | Платено по повеќе фактури за вода и ѓубретарина од „Комуналец"- Крива Паланка<br>-Извод бр. 3, 10, 12, 18, 23, 28, 31, 33, 37 и 41 од 2022 г., |
| 4. | Други материјали за греење | 126.000 | 126.000 | Платено по фактура издадена од Друштвото ЕКО Лајф за набавка на материјали за греење (пелети)<br>-Извод 44 од 2022 г. |
| 5. | Исплата на отпремнина | 63.050 | 63.050 | Исплатена отпрмнина за 1 лице<br>Извод бр. 25 од 2022 г., |
| | **Вкупно:** | **709.050 денари** | **709.036 денари** | **-14 денари се вратени во Буџетот на РСМ** |

**<u>40 – Музичко-сценска дејност</u>**

Согласно со Договорот за учество во финансирање на Годишната програма за работа на НУ - Центар за култура, Крива Паланка за 2022 г. од областа на музичка и музичко-сценска дејност бр. 21-1346/1 од 04.02.2022 г., на Центарот му се одобрени и преведени средства во износ од **45.000** денари за Проектот „Здивот на вечната љубов".

Реализацијата на средствата за наменети за Проектот е прикажано во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени | Преведени | Трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Здивот на вечната љубов | 45.000 | 45.000 | 44.900 | **Проектот е реализиран на 05.07.2022 г., на Градскиот плоштад во Крива Паланка** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | -Трошоци по договор бр.03-417/1 од 05.07.2022 г., за одржување на концерт за композициите од цитираниот албум на<br>-по фактура за пијалоци и кафе издадена од Ројал Екстра ТП Крива Паланка<br>-трошоци за авторски надоместок за јавно соопштување на музичко дело по фактура од ЗАМП<br>Изводи: 20 и 36 од 2022 г. и |
| | **Вкупно:** | **45.000 денари** | **45.000 денари** | **44.900 денари** | **- 100 денари вратени во Буџет на РСМ** |

## 60 – Визуелни уметности, архитектура и дизајн

Согласно со Договорот за учество во финансирање Годишна програма за работа на НКЦ за 2021 г. од областа на визуелни уметности, архитектура и дизајн бр. 23-1458/1 од 07.02.2022 г., на Центарот му се одобрени и преведени средства во износ од **230.000** денари.

Реализацијата на средствата наменети за проектите е прикажано во следниот табеларен преглед:

| **Р. бр** | **Назив на проект** | **Одобрени** | **Преведени** | **Трошоци** | **Забелешка** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Превземање на изложби | 50.000 | 50.000 | 49.921 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по повеќе фактури за пијалоци, кафе и сендвичи издадени од Ројал Екстра ТП Крива Паланка, по две фактури издадени Модерна Нова ДОО за набавка на гориво, по фактура од фото „Јаце" за набавка на рекламен материјал, по ф-ра од Антива 2021 за набавка на материјали за изложба, по повеќе фактури издадени од |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | ДТУ Лав Драге Дооел, по фактура од ДПТУ Микро-ИТ Атом Компани Дооел, по фактура од Ројал Арт Дооел Скопје и по повеќе фактури со испратници од Пани маркет Дооел<br>-Изводи: 11, 12, 13, 30 и 31 од 2022<br>-79 денари се вратени во Буџетот на РСМ |
| 2. | Изложба на дела од членови на ликовното студио при НУ – ЦК, Крива Паланка | 40.000 | 40.000 | 39.832 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договор за услуги –организација на изложбабр. 03-296/1 од 01.06.2022 г., склучен со<br><br>-Трошоци по фактура за угостителски услуги издадена од Ројал Екстра ТП Крива Паланка, по фактура од Тримакс за набавка на материјали за изложбта, по фактура од Фото Јаце Дооел за набавка на пропаганден материјал, по фактура од Алек Аспром Дооел за набавка на материјали, по ф-ра од ДПТУ Вардар Експорт Бу Доо за набавка на прехрамбени артикли, по фактура издадена од ДТУ Лав Драге Дооел за набавка на пијалоци и храна, по фактура издадена од ТД Херби Дооел за набавка на материјали за цртање, по фактура од Антива 2021 за набавка на материјали за изложба, по фактура издадена од Феникс Пром Дооел, за набавка на материјали за изложбта<br>-Изводи: 16, 18, 28, 31, 42 и 43 од 2022 г.<br>-168 денари се вратени во |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Буџетот на РСМ |
| 3. | Креативна работилница во техника Квилинг (изработка на хартија) | 30.000 | 30.000 | 29.988 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по договор за услуги – ментор бр. 03-255/1 од 17.05.2022 г., склучен со<br><br>-Трошоци по фактура за пијалоци, кафе и сендвичи издаден од Ројал Екстра ТП Крива Паланка, по фактура издадени Модерна Нова ДОО за набавка на гориво, по фактура од Фреш Маркет МС 22 Дооел за набавка на пијалоци, по фактура од Алек Аспром Дооел за набавка на материјали, по фактура од Фото Јаце Дооел за набавка на пропаганден материјал, по ф-ра од ДПТУ Вардар Експорт Би Доо за набавка на прехрамбени артикли, по фактура од Тримакс за набавка на канцелариски материјал и по фактура од Конопички бисер Дооел за набавка на рамки<br>-Изводи: 18, 20, 27 и 39 од 2022 г.<br>-12 денари се вратени во Буџетот на РСМ |
| 4. | Креативна работилница „Уметноста од природата“ | 40.000 | 40.000 | 39.945 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по договор за услуги бр.03-448/1 од 18.07.2022 г.,<br>-Трошоци по повеќе фактури за пијалоци, кафе и сендвичи издадени од Ројал Екстра ТП Крива Паланка, по повеќе фактури издадени Модерна Нова ДОО за набавка на гориво, по фактура од Антива 2021 за набавка на материјали за изложба, по фактура издадена |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | од ДТУ Лав Драге Дооел, по фактура издадена од ДПТУ Микро-ИТ Атом Компани Дооел, по фактура издадена од ЗД Кратискара-Кратово, по фактура од Карго Експрес и по фактура од Печатница 2-ри Август, Штип за печатење на материјали<br>-Изводи: 20,28 и 39 од 2022 г.<br>- 55 денари се вратени во Буџетот на РСМ |
| 5. | Креативна работилница „Цртање и дишење низ смеа“ | 40.000 | 40.000 | 39.566 | **Проектот е реализиран**<br>- Трошоци по договор за услуги –ментор бр. 03-483/1 од 05.08.2022 г., склучен со<br>-Трошоци по фактура за угостителски услуги издадена од Ројал Екстра ТП Крива Паланка, по две фактури од Модерна Нова ДОО за набавка на гориво, по фактура од Тримакс за набавка на материјали за изложбта, по фактура од Фото Јаце Дооел за набавка на пропаганден материјал, по фактура од Алек Аспром Дооел за набавка на материјали, по ф-ра од ДПТУ Вардар Експорт Бу Доо за набавка на прехрамбени артикли, по фактура издадена од ТД Херби Дооел за набавка на материјали за цртање, по фактура од Нобл хаус Доо за ноќевање за едно лице, по фактура од<br>Дооел за угостителски услуги, по фактура од Антива 2021 за набавка на материјали за |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | изложба, по фактура издадена од Феникс Пром Дооел, за набавка на материјали за изложбта, по фактура од Аллнет солутион за изработка на рекламен материјал по фактура издадена од СЕТ-Унион за набавка наролна стаза за бања -Изводи: 17, 23, 25 и 46 од 2022 г. - 434 денари се вратени во Буџетот на РСМ |
| 6. | Инсталација од макети „Простор, јас, Рејчел, Ѕидови Х*Х“ | 30.000 | 30.000 | 29.988 | **Проектот е реализиран** - Трошоци по договор за услуги – одржување на изложба бр. 03-306/1 од 19.05.2022 г., склучен -Трошоци по фактура за угостителски услуги издадена од Ројал Екстра ТП Крива Паланка, по фактура од Модерна Нова ДОО за набавка на гориво, по фактура од Фото Јаце Дооел за набавка на пропаганден материјал, по фактура од Алек Аспром Дооел за набавка на материјали, по фактура од Антива 2021 за набавка на материјали за изложба, по фактура издадена од Фреш Маркет МС 22 Дооел, за набавка на пијалоци за изложбта, и по фактура издадена од Стакло Ал Пласт за набавка на огледало за изложбата -Изводи: 12, 13, 17 и 26 од 2022 г. -12 денари се вратени во Буџетот на РСМ |
| | **Вкупно:** | **230.000 денари** | **230.000 денари** | **229.240 денари** | **- 760 денари се вратени во Буџетот на РСМ** |



Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**90 – Меѓународна дејност**

Согласно со Договорот бр. 33-1311/1 од 04.02.2022 г., и Анекс на Договорот бр. 33-1311/7 од 21.04.2022 година, за учество во финасирање на Годишната програма за работа на Центарот за 2022 година од областа на меѓународната дејност, одобрени му се и преведени средства во износ од **180.000** денари, за реализација на проектот **„Гостување на КУД 8-ми Октомври на Меѓународниот фолклорен фестивал во Бергама, Измир-Турција"**.

Реализацијата на средствата наменети за проектите е прикажано во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени | Преведени | Трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | „Гостување на КУД 8-ми Октомври на Меѓународниот фолклорен фестивал во Бергама, Измир-Турција" | 180.000 | 180.000 | 179.608 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по договори за услуги бр. 03-349/1 и 03-350/1 од 17.06.2022 г., со<br><br>-Трошоци за транспорт – автобуски превоз по фактура од Пролетер АД Крива Паланка, по фактура од Модерна Нова Доо за набавка на гориво и по фактура од Фреш маркет Мс 2022 Дооел за набавка на храна и пијалоци<br>Извод: 18 и 25 од 2022 г. |
| | **Вкупно:** | **180.000 денари** | **180.000 денари** | **179.608 денари** | **- 392 денари вратени во Буџетот на РСМ** |

***10 - Издавачка дејност**

Согласно со Договорот бр. 24-1485/1 од 07.02.2022 г., за учество во финасирање на Годишната програма за работа на Центарот за 2022 година од областа на литературата и издавачката дејност, одобрени му се и преведени средства во износ од **40.000** денари, за реализација на проектот **„Check in – Означи се"**.

Реализацијата на средствата наменети за проектите е прикажано во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени | Преведени | Трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | „Check in – Означи се“ | 40.000 | 40.000 | 39.905 | **Проектот е реализиран** -Трошоци по договори бр.03-235/1 од 05.05.2022 и бр. 03-239/1 од 06.05.2022 г., и бр. 234/1 од 05.05.2022 за регулирање на авторското прво за публикацијата и за рецензенти склучени со [redacted], по Договор бр. 03-233/1 од истиот датум склучен со Дата Песнопој за подготовка и печатење на 200 примероци од објавената книга -Трошоци по фактура од Антива 2021 Дооел за пропаганден материјал, по фактура од Фото Јоце за рекламен материјал за промоција на книга, по ф-ра од Ројал Екстра за угостителски услуги Извод: 12 и 23 од 2022 г. и |
| | **Вкупно:** | **40.000 денари** | **40.000 денари** | **39.905 денари** | **- 17.461 денари се исплатени од програма 10 - 22.444 денари се исплатени од програма 20 - 95 денари вратени во Буџет на РСМ** |

**<u>*20 – Библиотечна дејност</u>**

Согласно со Договорот бр. 30-1431/1 од 04.02.2022 г., и Анекс – договорот бр. 30-1431/10 од 16.12.2022 г., за учество во финасирање на Годишната програма за работа на Центарот за 2022 година од областа на библиотечната дејност, одобрени му се и преведени средства во износ од **150.000** денари, за реализација на проектите.

Реализацијата на средствата наменети за проектите е прикажано во следниот табеларен преглед:

| Р. бр | Назив на проект | Одобрени | Преведени | Трошоци | Забелешка |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Набавка на белетристика и лектирни изданија | 100.000 | 100.000 | 98.327 | **Проектот е реализиран**<br>-трошоци за набавка на белетристика и лектирни изданија по повеќе фактури од повеќе издавачки друштва (Матица македонска, Македонска реч, Сакам книги, Збор, Арс ламина и Градски Музеј, Крива Паланка)<br>Извод: 5, 11, 13, 20 и 36 од 2022 г.<br>- **78.647 денари се исплатени од програма 20**<br>- **19.680 денари се исплатени од програма 10**<br>- **1.673 денари вратени во Буџет на РСМ** |
| 2. | Програмски активности во библиотеката | 35.000 | 35.000 | 34.996 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по договори бр.03-235/1 од 05.05.2022 , бр. 234/1 од 05.05.2022 и бр. за рецензент,<br>-трошоци по фактура од Парк Гиновци за угостителски услуги, по фактури од Модерна Нова за набавка на гориво, по фактура од Копанички бисер Дооел за набавка на материјали по фактури од Бон-Тон за превоз на патници, по фактура од Библиотекарско Здружение на |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Македонија, по фактура од Лав Дооел, по фактура од Македонска реч Дооел, исплата по каса-прими, исплата по патен налог<br>Извод: 5, 6, 7, 12, 13, 28, 30 и 41 од 2022 г<br>**- 32.996 денари се исплатени од програма 20**<br>**- 2.000 денари се исплатени од програма 10**<br>**- 4 денари вратени во Буџет на РСМ** |
| 3. | Патот до пишаниот збор | 15.000 | 15.000 | 14.964 | **Проектот е реализиран**<br>-Трошоци по два договори за услуги –учество во проект, модератор<br>-трошоци по фактура од Тримакс за набавка на канцелариски материјал, по фактури од Ројал екстраза угостителски услуги и по фактура од Лав Дооел за набавка на материјали за работа<br>Извод: 12 и 30 од 2022 г.<br>**-36 денари се вратени во Буџетот на РСМ** |
| | **Вкупно:** | **150.000 денари** | **150.000 денари** | **148.287 денари** | **- 1.713 денари вратени во Буџет на РСМ** |

***При инспекцискиот надзор, утврдено е прелевање на средствата од програмата 10-издавачка во програма 20 - библиотечна дејност и обратно при исплатата на трошоците за реализација на проектите, а за што присутните лица изјавија дека е направена грешка при исплатата на трошоците за реализација на проектите од програмата 10 – издавачка дејност и програма 20 - библиотечна дејност од причина што лицето , раководител на библиотечна дејност била одговорна за реализацијата на проектите и за исплата на средствата од двете дејности, поради што од инспекторот укажано им е на присутните службени лица доследно да се придржуваат до обврските од договорите и оперативните планови при исплатата на средствата.**

**10.3. Ненамирени обврски**

Според презентираната сметководствената документација, како и изјавите од присутните лица, при надзорот е утврдено дека Центарот нема ненамирени обврски кон доверители од претходни години, а тековните обврски за проектите од 2023 година се исплаќаат навремено.

**11) Врз основа на утврдената фактичка состојба при редовниот инспекциски надзор, се констатира дека:**

**1. Според презентираната документација и евиденција, Центарот ја реализирал Годишната програма за работа на установата за 2022 година, од областа на фолклорна и сценско-уметничка дејност, манифестации и фестивали, музичко-сценска дејност, визуелни уметности, архитектура и дизајн, библиотечна дејност меѓународна дејност и издавачка дејност, а преведените средства за реализација на проектите од програмата се потрошени наменски согласно со член 70-а став 4 од Законот за културата.**

**2.Центарот до МК не доставил извештај за реализација на Годишната програма за работа на установата за 2022 година, којшто содржи наративен приказ за реализација на програмата, спецификација на вкупно потрошените средства, договори, сметки, фактури и конечен финансиски план, што е обврска согласно со одредбите од член 70-б став (2) од ЗК и којшто се доставува за претходната година, во првиот квартал од тековната година.**

**3. Управниот одбор на Центарот за своето работење до МК не доставува извештај за работењето еднаш годишно што е обврска согласно со член 36 став (1) точка 12 од Законот за културата.**

**Оттука, согласно со член 85 т. 1 од ЗК, а во врска со член 79 став (2) т. 6 од ЗИН, ќе биде донесено решение со опомена со коешто ќе биде определен рок за отстранување на неправилноста од точка 2, односно, согласно со обврската од членот 70-б став (2) од ЗК, Центарот до министерството за култура да достави Годишен извештај за реализација на годишната програма за работа на установата за 2022 година, којшто содржи наративен приказ за реализација на програма, спецификација на вкупно потрошените средства, договори, сметки,**


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

**фактури и конечен финансиски план, а којшто се доставува за претходната година, во првиот квартал од тековната година.**
**Додека во однос на неправилноста утврдена во точка 3, на одговорното лице и надругите службени лица во Центарот им е укажано за потребата од континуирано следење и спроведување на обврските од Законот за културата.**

12) Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, Записникот е составен во службените простории на СУИН на МК во согласност со член 82 став (3) од ЗИН.

13) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

14) Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________
______________________________________________________________________.

| | | | |
|---|---|---|---|
| Потпис на претставникот на субјектот на надзор:<br><br>в.д. директор, | | Печат и потпис на инспекторот за култура:<br><br>виш инспектор | |
| Датум: | 01.06.2023 г. | Датум: | 26.05.2023 г. |


Министерство за културана
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk